# ХАРИЗМА

женско списание



АПРИЛ-ЈУНИ 2024

година 29

# СОДРЖИНА

4
ЗАР НЕ Е ТАКА

5
ОДЕЊЕ СО БОГ

6
„ТЕ САКАМ“

8
ЕСТИРА
- ЖЕНИ НА НАДЕЖ

12
ОНА ШТО НÈ
ОДВОЈУВА ОД БОГ

14
ЈОНА - ПРВИОТ
ЕВАНГЕЛИСТ

22
НОВ ЖИВОТ

24
СВЕТСКИ МОЛИТВЕН
ДЕН НА ЖЕНИТЕ

*Што ќе си исткаеш*
*на Земјата тоа ќе си*
*го носиш во Вечноста!*



# ЗАР НЕ Е ТАКА..

Во отпечатокот уникатноста, во погледот неспоредливоста, во раѓањето блесокот, во гласот доказот! Под секој зрак на сонцето центарот, под секоја ѕвезда на небото восхитот, на секоја книга насловот, низ секој Божји акорд мелодијата! Зар не е така убав мој човеку? Зар ти не си круната на создането! Ах, ти си смислата на љубовта, ти си фокусот на враќањето, ти си налик на Тројството! Зар не е така? Зар ова под тепих ќе стои и прашина ќе собира, зар ова само во одредени ќе го гледаш, а во себе ќе го потиснуваш, зар ова ќе го купуваш, а она во тебе ќе го продаваш, зар со распадливост ќе се идентификуваш, а трон за минливоста ќе подигаш, зар цена на откупеното ќе ставиш, а скапоценоста сопствена ќе ја изнајмиш? Убав мој човеку сакај се со вистината и ќе сакаш вистински, сакај се со убавината и ќе го гледаш најубавото, сакај се со промената и ќе правиш промена!

***Марија Бакиевска***

# Одење со Бог

*„Блаженство на оние, кои го пазат Неговиот Закон. Блажени се чиј пат е непорочен, кои одат според Господовиот Закон!“*
*Псалми 119:1*

Мојот сопруг и јас уживаме во утринските прошетки. Уживаме во свеж воздух, разговараме за проблеми и правиме планови за иднината. Кога пешачам секојдневно, нестрплива сум да излезам и да се движам - и имам повеќе енергија. Но, во деновите кога времето е лошо, тежнеам да останам дома, оставајќи го сопругот да оди сам. Колку подолго избегнувам одење, толку помалку имам ентузијазам за тоа.

Мојот молитвен живот има слична шема. Кога едноставно молам неколку брзи молитви во текот на денот, моите молитви имаат тенденција да се лизгаат по површината како рамно камче низ езерото.

Меѓутоа, кога го поминувам времето во подлабока молитва, имам повеќе желба повторно да дојдам кај Бог. Молитвата тогаш станува редовен и значаен дел од мојот ден.

Сите ние имаме места во нашите животи каде што би можеле духовно да се подобриме. Сметам дека е корисно да поставам одредена цел - на пример, да читам поглавје од Библијата секој ден или да се молам одредено време секое утро - потоа да најдам одговорен партнер кој ќе ме држи до тоа додека навиката не стане природен дел од животот. Утринските прошетки можат да ни го подобрат здравјето, но одењето со Бог ја збогатува душата.

Верен Боже, Ти благодарам за сите начини на кои можеме да се доближиме до Тебе. Помогни ни да одиме секојдневно во присуството на Твојот Свети Дух.

***Ќе ми стане навика секојдневно да одам со Бог.***

***Превод: Ребека Пенева***

# „ТЕ САКАМ“

*„Ви давам нова заповед: да се љубите еден со друг; како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг.“ Јован 13:34*

Се сеќавам на првиот пат кога некој ми кажа дека ме сака. Кога бев дете, моите родители ми покажаа љубов - ми обезбедија дом, ме хранеа и облекуваа, ми купуваа подароци, ме чуваа кога бев болна и ме носеа на патувања кога можеа да си го дозволат тоа. Но, тие всушност никогаш не ми ги кажаа зборовите „те сакам“. Веројатно и ним никогаш не им било кажано дека се сакани како деца. Колку и да беа прекрасни моите родители, јас се сомневав во нивната љубов кога бев помлада, прашувајќи се дали нивните добри постапки кон мене беа мотивирани од чувството на должност.



Првата личност која ми кажа дека ме сака беше Рута, тригодишно девојче од црквата во која одев. Не знаев како да одговорам. Како можеше тригодишно дете кое одвај го познавав да ми каже дека ме сака, кога моите родители не можеа? Рута можеше да ми каже дека ме сака, зашто нејзините родители ѝ покажуваа и ѝ зборуваа за нивната љубов кон неа.

Од витално значење е да знаеме дека сме сакани - особено да знаеме дека сме сакани од Бог. Понекогаш тивко седам пред Господ, ги отворам рацете и велам: „Исусе, ја примам Твојата љубов“. И додека примам љубов од Бог, можам да ја пренесам таа љубов на другите и преку дела и со зборови.

Ти благодарам, Господи, што го испрати Твојот син да умре за нас, не од должност туку од љубов. Ги отвораме нашите срца за да ја примиме Твојата љубов денес.

***Денес ќе одвојам време да бидам во Божјото присуство и да ја добијам Божјата љубов.***

***Превод: Ребека Пенева***



# Естира

## - ЖЕНИ НА НАДЕЖ



*Семоќен Боже, Ти ги водеше моите чекори сите мои години, водејќи ме во домот на мојот роднина по смртта на моите родители, сместувајќи ме – сираче во прогонство – во палатата како дел од харемот на царот и ми покажа голема милост. Затоа, избирам да Ти верувам сега, Татко на небесата, како Оној чија рака ќе биде врз мене додека стапнувам во овој повик во мојот живот.*

*Верувам дека знаеш дека мојот страв е голем - дека ќе се соочам со смрт ако не ми се упати милоста на царот. Но, се сеќавам дека Ти си Бог на секаква благодат и милосрдие, затоа понизно се принесувам себеси како Твој сад во оваа задача да застанам за Твојот народ. Смири го моето срце, Господи над сите. Помогни ми да го насочам мојот ум само кон Тебе.*

*Мојата единствена желба е да ја извршам Твојата волја, затоа се молам мојот глас да ги каже Твоите зборови пред царот. И мојот народ да биде поштеден од уништување.*

*Чувствувам дека молитвите на мојот народ ме опкружуваат. Мојата самодоверба расте затоа што знам дека Ти, Светиот Бог на Израел, одиш со мене. Нека Твојот план надвладее. Нека се слави Твоето име. Сета слава нека биде Твоја. Ја имаш мојата верност, моето срце и моето тело. Одам сега да зборувам за Твојот народ - ако загинам, нека загинам. Како и да е, јас ќе застанам за Тебе и со Тебе.*

Естира. Сирак и еврејски прогоненик.

Како млада девојка, Естира наоѓа место за припадност во домот на нејзиниот роднина Мардохеј во време кога прогонетите Евреи живеат во Персија.

Ајде да застанеме малку. Лесно ни е да ги споиме заедно сите приказни за овие „жени на надеж“, како да се случувале една до друга во библиската историја.



***Околу 1590 п.н.е. - се родија близнаците на Јуда и Тамара.***
***Околу 1400 п.н.е. - Ерихон паѓа во рацете на Исус Навин и Израелците со помош на Раав.***
***Околу 1280 п.н.е. - Вооз и Рута се венчаа и го добија својот син Овид.***
***1040 п.н.е. - раѓањето на Давид***
***Околу 597 п.н.е. - северното кралство Израел (Јуда) е протерано од Вавилон.***
***Околу 538 п.н.е. - персискиот крал Кир го „заврши“ прогонството на Израел, дозволувајќи им да се вратат во Ерусалим.***
***Околу 426 п.н.е. - царицата Естира ги повикува сите Евреи во Персија да се молат и постат.***

Датирањето настани во античката историја е многу тешко, но овие општи датуми ни даваат одреден контекст. Има над 150 години помеѓу Тамара и Раав. Можеби повеќе од 100 години помеѓу Раав и Рута (да, Вооз е син на Раав, луѓето тогаш живееле подолго). А, се смета дека Вооз имал околу 80 години кога ја сретнал Рута.

Потоа околу 850 години помеѓу Рута и Естира - и израелска историја, вклучително и цела ера на израелски цареви. Потоа прогонство, и крајот на прогонството - сепак илјадници Евреи остануваат во Персија, нивниот дом, повеќе од 150 години.

Естира. Жена со надеж која ја поднесува наредбата на персискиот цар, да стане негова наложница - потоа сопруга. И царица! Пред да го романтизираме издигнувањето на оваа туѓинка жена без родители на највисокото место во целото кралство, ајде да размислиме. Целото животно патување на Естира е без нејзин избор. Не само што не избира да биде сирак, туку нема вистински избор да ја одбие „поканата“ на царот Ксеркс да влезе во оваа древна верзија на натпревар за убавина на стероиди. Како обичен пион во играта, дури и како царица, Естира нема моќ, никакво влијание врз одговорите или однесувањето на нејзиниот сопруг-царот.

Нејзиниот единствен вистински избор е – како да одговори на секој предизвик.

Кога нејзиниот роднина ќе ја повика да застане за нивниот народ кога Аман нареди геноцид за сите Евреи во Персија, Естира влегува во нејзината улога „токму во такво време“ (4:14). Таа ги прекршува сите протоколи и закони со тоа што ненајавено оди пред нејзиниот сопруг за да се изјасни за случајот на својот народ (4:11). Знаејќи дека може да ја изгуби својата глава за таков чин, Естира ја избира верата наместо стравот.

Но, таа влегува во дворот на царот знаејќи дека ја има моќта на молитвите на нејзиниот народ зад себе и Бог покрај неа. Со други зборови, таа избира да оди напред со надеж.

Уште еден слој на надеж може да се открие преку повикот на Естира за молитва и пост - вистината дека „поединецот може да најде избавување дури и во услови на ужасни, закануавачки околности“.

Каде можеме да Го видиме Бог во приказната на Естира? Во секоја од молитвите - нивната и нашата - за избавување. И во секој Негов одговор. КАКВА НАДЕЖ!



# ОНА ШТО НÈ ОДВОЈУВА ОД БОГ

***„Тогаш Духот Го одведе Исус во пустината за да биде искушуван од ѓаволот.“ Матеј 4:1***

Од што се откажувате за време на постот? Знам дека треба да се откажам од нешто за да размислувам за 40-те денови на Исус во пустината и да се подготвам за комеморацијата на Исусовата смрт и воскресение. Мојот непосреден одговор пред многу години беше „чоколадо“ и „играње“. Но, да знаев дека ќе умрам за 40 дена, откажувањето од храна и забава воопшто немаше да се најде на списокот! Па, од што би се откажала?

Би се откажала од губење време. Би се фокусирала на сите луѓе со кои не сум се видела или не сум разговарала доволно и би им кажала колку ми значат.

Би се откажала од обидот да им кажам на моите ближни што да прават! Наместо тоа, би ја напишала мојата животна приказна - се надевам дека ќе оставам одговори на прашањата што сигурно ќе ги имаат откако ќе ме нема.

Би се откажала од засолнетиот гнев, незадоволство и фрустрација поради моите неуспеси, врските што испаднаа лошо и можностите што ги игнорирав.

Би се откажала од сè за да Го пуштам Бог - не само за постот или 40 дена, туку од овој ден натаму. Да ја обновам мојата посветеност да го следам Исусовиот пример на послушност додека барам полнота на животот со Бог.

***Да се молиме: Да се откажеме од она што нè одвојува од Бог.***

***Превод: Ребека Пенева***



# ЈОНА - ПРВИОТ ЕВАНГЕЛИСТ

Приказната за Јона често се смета за детска приказна во која кит го проголтал. Но, нејзината вистинска порака е за возрасните и е добра можност да го прошириме нашето разбирање за Бог и спасението. Приказната за Јона е морална приказна, слично како басна и е дизајнирана да нè научи на неколку работи:

- ***Бог ги сака сите луѓе подеднакво и сака да ги спаси од гревот за вечен живот со Него.***
- ***Секој од нас има повик од Бог да сподели со луѓето околу себе за својата вера во Бог***
- ***Ако не го следиме Божјиот повик, постои опасност да дојдеме во ситуации каде што нема да бидеме многу добри.***
- ***Кои се некои причини поради кои не го следиме Божјиот повик да споделуваме за Бог?***

Значи: Приказната за Јона мора да се раскаже од почеток до крај за ние како современи луѓе да го разбереме конфликтот во срцето и душата на Јона.

Сигурна сум дека ја имате прочитано оваа приказна, но да ја прераскажам:

*Бог му заповедал на Јона да оди кај луѓето од градот Ниневија и да го пророкува нивниот пад поради тоа што тие биле зли. Меѓутоа, Јона се обидел да ја избегне својата судбина и решил да отплови на брод. Бог му рекол да оди на исток во Ниневија, а тој отишол на запад.*

За време на патувањето се појавила силна бура и морнарите, сфаќајќи ја сериозноста на ситуацијата, почнале да се каат пред Бог и да влечат ждрепка за да дознаат кој е виновен. Ждрепката укажала на Јона, тој ја признал вината и им кажал дека ако го фрлат во морето, бурата ќе престане. Морнарите го фрлиле во морето и барале од Бог прошка. Во морето, Јона бил спасен на чуден начин. Огромна риба како кит го проголтала и поминал три дена и три ноќи во нејзиниот стомак. Додека бил во големата риба, Јона Му се молел на Бог, се покајал и ветил дека ќе го направи она што Бог го бара од него. Тогаш Бог ѝ заповедал на рибата да го исфрли Јона од стомакот. Бог повторно го испратил Јона да оди во Ниневија и да пророкува против жителите на градот Ниневија. Овој пат, Јона ја исполнил Божјата заповед. Откако го слушнале предупредувањето на Јона, жителите поверувале во неговите зборови. И кралот на Ниневија се покајал, побарал од Бог прошка и објавил национален пост. Бог го видел покајанието на Ниневијците и им простил.



Божјата насока за Јона и во првото и во третото поглавје е да „оди во Ниневија, големиот град“. За Израелец како Јона, ова би било еквивалент како нам да ни кажат: „Одете кажете им на своите непријатели да се покаат“.

Ниневија бил главен град на Асирија. Ова беше државата што го уништи северното кралство Израел и го држеше јужното кралство Јуда како вазал речиси сто години. Асирија бил повеќе од непријател; тоа била една брутална окупаторска сила која засекогаш ја променила судбината на Израел. Јона е повикан од Бог да оди и да му пророкува на непријателот.

За да ја разбереме приказната, треба да погледнеме низ очите на Јона, да размислиме како ние би се чувствувале во таква ситуација. Бог му рекол на Јона да оди во непријателскиот град и да го објави Божјиот суд за неговите жители. И видете, во тоа време Бог веќе го објавил Својот завет со Евреите, но не и со незнабошците. Бог испраќа пророк од Израел во еден пагански град, а пораката на овој пророк ја открива Божјата желба да ги придобие во верата преку покајание, а не да ги уништи, како што би очекувале Евреите. Ова е нагласена изјава за Божјата грижа за целиот свет, не само за Евреите. Бог ги сака и е милостив кон незнабошците. Бог е ист и денес и сите ние треба да размислуваме за Божјата љубов кон секого и да разбереме дека имаме должност да се грижиме за спасението на сите луѓе како што Бог го очекува тоа од нас.



Значи, секој од нас мора да направи нешто во врска со Божјата порака што ни е доверена. Понекогаш може да ни се чини дека Бог бара од нас да направиме нешто многу тешко, па дури и невозможно. Можеби се плашиме да ја проповедаме добрата вест за Божјото Царство како што се бара од христијаните. (Матеј 24:14). Лесно е да се заборави што рекол Исус: „За Бог сѐ е можно“ (Марко 10:27). Но, ние мораме да ја покориме нашата волја, да се откажеме од нашите предрасуди и да ги жртвуваме нашите убедувања и да кажеме: „Еве ме; Испрати ме мене."

Мора да знаеме дека Јона, синот на Амитај, пророкувал против гревот, неправдата и идолопоклонството на Израел, пророкувал дека Северното кралство Израел повторно ќе стане големо, враќајќи ја земјата и угледот што биле изгубени под претходните кралеви (2 Царевите 14:23-27). Со други зборови, пророчката кариера на Јона, надвор од книгата што го носи неговото име, била целосно заснована на пророкување на националната големина за Израел. Како пророк, Јона бил истакнат израелски националист.

Не знаеме зошто Јона бегал од Божјиот повик. Можеби се плашел за својот живот или можеби мислел дека непријателот не заслужува да му се даде шанса или верувал дека ако не им пророкува покајание на Ниневијците, Бог ќе ги уништи и на тој начин Израелците ќе добијат слобода и одмазда.

Јона Го сакал Бог и Неговиот народ. Но, имало едно нешто што Јона го мразел - Ниневија.
А видете, Јона се давел во своите предрасуди, омраза и сомнеж многу пред да почне да се дави во морето. Истото ни се случува кога си дозволуваме да имаме сличен став кон друга личност или нација. Мораме да простиме. Да се спасиме себеси и другите. Таквиот став е причината поради која не ја споделуваме нашата вера со другите луѓе. Понекогаш нашата сопствена праведност достигнува самоправедност во која сме подготвени да ги опсипиме пропаѓачите со презир и отфрлање наместо да ги водиме кон Спасителот.

Наместо да оди во Ниневија, пророкот Јона отишол на запад и се качил на првиот брод што го напуштил градот. Следело тешко време, не само за Јона, туку погледнете - неговата неподготвеност да го исполни Божјиот повик довела до несреќа за оние околу него - екипажот на бродот.
Забележете ги фаталните последици од одбивањето да го послушаме Божјиот повик. Јона мислел дека може да избега од Божјото присуство.

Ако тврдоглаво и решително ја избегнуваме нашата должност да сведочиме за Бог или за која било друга Негова јасна заповед, тоа ќе биде наше поништување. Бурата сигурно ќе дојде додека ние се обидуваме да се скриеме. Нашата единствена надеж е да го послушаме Божјиот повик, да се покаеме и да ги прифатиме последиците од нашата грешка. Ако го направиме тоа додека невремето беснее околу нас, најлошото ќе помине и иако треба да се бориме во неговите бранови, Бог ќе се погрижи за нас и ќе го направи невозможното - да поминеме 3 дена во некое засолниште. Покајанието на Јона му го спаси животот. Фрлен во морето без каење, сигурно ќе се удавеше.
И кога сме послушни на Божјиот повик да им го донесеме Евангелието на неспасените, Бог ќе се погрижи да ги спаси тие луѓе.

Видете, драги мои, една од причините зошто не ја споделуваме нашата вера е затоа што мислиме дека сме одговорни за спасувањето на луѓето. Но, наша одговорност е само да кажеме. Тогаш на ред е тие да одлучат, а Бог е Тој што спасува. Наша одговорност е само да кажеме и да веруваме дека Бог спасува. Зашто, ако не веруваме дека Бог ќе ги спаси дури и најгрдите луѓе, тогаш како веруваме дека Божјата моќ ќе ги спаси нашите души?!

И кога ја слушнаа Јонаовата проповед, сите се покајаа.
Замислете ја сликата: сиот народ, сите крави и сите овци постат со вреќи врзани на грб!
Јона е најуспешниот евангелист, нели?! Со неколку зборови тој преобратил цел народ кон Бог.

Значи, приказната за овој пророк е многу повеќе од приказна за големата риба. Неговата порака е наменета за оние кои се доволно зрели да не веруваат дека човекот може да преживее 3 дена во стомакот на рибата, туку да ги разберат патиштата Божји и да се соочат со предизвикот да живеат како Божји следбеници.
Книгата на Јона бара секој што ја слуша да размислува за Божјиот карактер и значењето и моќта на спасението.
Книгата Јона покажува дека дури и воинствената нација како што биле Асирците, била способна да се покае.



Ајде да резимирам:

- ***Бог ги сака сите луѓе подеднакво и сака да ги спаси од гревот за вечен живот со Него.***
- ***Секој од нас има повик од Бог да сподели со луѓето околу себе за својата вера во Бог.***
- ***Некои од причините поради кои не ја шириме нашата вера се: предрасуди и сомнеж, омраза, непростување, гордост и самобендисаност.***
- ***Секогаш има последици кога не Го следиме Бог.***

Друга поука од оваа приказна е дека дури и луѓето со искрена вера можат да згрешат, но можат и да се поправат. Јасно е дека Јона научил од своите грешки. Сите грешиме. Но, дали одбиваме да Му служиме на Бог или учиме од нашите грешки и послушно одиме напред?
Бог го награди Јона за неговата послушност. Потоа, пророкот дознал дека морнарите се спасиле од давење во бурата и наместо на нивните лажни богови жртвувале на вистинскиот Бог. Уште поголема награда го чекала Јона многу подоцна. Исус го нарекол времето што Јона го поминал во рибата како пророчка слика за времето кога Тој самиот ќе биде во гробот или шеолот. (Матеј 12:38–40) Замислете еден ден на небото, во Божјото Царство, како ќе ни пријде мноштво луѓе кои, додека го фалат Бог, ќе ни се заблагодарат што ја споделивме нашата вера и тоа ги довело до Бог. И самиот Бог ќе нè фали и награди за тоа. Бог сака да нè благослови и нас. Дали ќе учиме од нашите грешки и ќе покажеме послушност и самопожртвуваност како Јона?

***Да бидеме луѓе кои учат од сопствените грешки!***

***Ирена Стефанова***





Бог им помага на оние
коишто не можат
да си помогнат себеси.



# Нов живот

Беше околу Воскресението Христово. Засадив нова садница од роза и се боцнав од еден од трњата. Потоа ги разделив гранките многу внимателно и така ги најдов првите пупки кои беа подготвени да цветаат. За мене, таа садница од роза беше една порака за Христовото Воскресение. Зад трњата можеме да најдеме нов живот и надеж за убавина.

Истото важи и за нашите лични болки и таги. Има многу трња на сомнежи и несигурност, но да се држиме за Божјите ветувања. Ова е вера. И покрај тешкотиите, ние ги бараме почетоците на новиот живот. Тоа е надежта. Со вера и надеж, болките ќе се стопат со доаѓањето на новиот живот. Ова е Божјото ветување за Воскресението.

Господи, изгради ја верата во нас во денешниот ден и дај ни надеж за утрешниот ден.

***Верата во Исус Христос ме држи денес. Надежта во Него ме води кон воскресение.***

Превод: Ребека Пенева



*Жените беа последни на крстот, први на гробот и првите на кои им беше кажано: „Оди и кажи им на другите“.*

*Самиот Исус избра жена да биде првиот проповедник на евангелието. Тоа беше Марија на која воскреснатиот Исус ѝ рече: „Оди и кажи им на другите“ (Јован 20:17).*

# СВЕТСКИ МОЛИТВЕН ДЕН НА ЖЕНИТЕ

На 1-ви март 2024 г. повторно се одржаа Богослужби по повод Светскиот молитвен ден на жените, во повеќето заедници на ЕМЦ. Оваа година на ред беа жените од Палестина, па така, на Богослужбите можеше да се слушне нешто повеќе за животот на жените од оваа област, како и да се подигнат молитви и поддршка за нив. Благодарност на Бог за водството и благословите додека се спремаа и одржаа ваквите Богослужби.






















- Илустрација на Ребека Пенева

# Белешки



Списанието е достапно онлајн на www.emc.mk
Годишна претплата: 200 ден.

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk